Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# "Меѓународни стандарди и принципи за примена на ПИМ мерки, мерки за обезбедување на предмети и имот во текот на кривичната постапка"

Судија М-р Ненад Савески
Основен кривичен суд Скопје
одделение за организиран криминал и корупција




https://youtu.be/TONOz4DSJlU

# Меѓународни принципи и стандарди за примена на мерките за следење на комуникациите

# (правото на приватност наспроти примената на ПИМ-чл.8 ЕКЧП)

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Законитост

Законитоста во контекст на ПИМ подразбира:

- Постоење на национален закон во чии одредби е предвидено отстапување од правото на почитување на приватноста во функција на друг висок општествен интерес;
- Квалитет на националниот закон во смисла на јасност и прецизност на одредбите во однос на:
- а) условите; и
- б) постапката за примена на мерките.

# Одобрување и контрола над примената

- Одобрување на ПИМ  со судска/јавнообвинителска наредба
- Судска и јавнообвинителска контрола

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Пропорционалност

Подразбира сразмерност во примената на ПИМ во однос на значењето на високиот општествен интерес кон чија заштита ПИМ се насочени и таа сразмерност треба да се осигура помеѓу:

- **помеѓу целта која треба да се постигне и средствата кои се користат за таа цел;**
- **помеѓу општите интереси на заедницата (превенција и откривање на сериозни кривични дела) и личниот интерес за заштита на правата на индивидуите.**

# Супсидијарност

Принципот на супсидијарност наметнува обврска за:

- **Примена на ПИМ како крајно средство** (*ultima ratio*) доколку со конвенционалните методи не може да се постигне истата цел;
- **Постапност во примената на ПИМ** (од помалку кон повеќе интрузивни), односно примена на помалку инвазивни мерки доколку со нив може да се постигне целта.

Академија за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Принципите за примена на ПИМ низ праксата на ЕКЧП

## Чек листа за легитимноста на вмешувањето во приватноста

- Дали имало вмешување во правата гарантирани со член 8 став 1 од ЕКЧП?
- Доколку имало вмешување, дали е во согласност со националниот закон?
- Дали вмешувањето во правата служи за остварување на легитимна цел?
- Дали тоа вмешување е неопходно во демократското општество?

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Видови посебни истражни мерки во домашното законодавство

**Видовите посебни истражни мерки се предвидени во чл. 252 од ЗКП и тоа:**

**1. Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон (ЗСК);**

**2. Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникациите;**

**3. Тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;**

**4. Таен увид и пребарување во компјутерски систем;**

**5. Автоматско пребарување и споредување на личните податоци;**

**6. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации;**

**7. Симулиран откуп на предмети;**

**8. Симулирано давање и примање поткуп;**

**9. Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;**

**10. Користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци;**

**11. Отворање симулирана банкарска сметка;**

**12. Симулирано регистрирање правни лица или користење на постојни правни лица за собирање податоци и докази**

Видео

https://youtu.be/V-K8W5Cxkeg

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# ЧИНИТЕЛИ

ПРАВОСУДНА ПОЛИЦИЈА (ПОЛИЦИЈА, ЦАРИНСКА УПРАВА, ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА)

**ПРЕДЛОГ ЗА ПРИМЕНА НА ПИМ**

ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

БАРАЊЕ ЗА

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПИМ

**СУД**

**(СУДИЈА НА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА)**

Кога постојат основи на сомнение дека се подготвува, извршува или е извршено кр.дело кое се гони по службена должност го известува надлежниот ЈО за информациите со кои располага и доказите кои се обезбедени согласно ЗКП

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# Правосудната полиција изготвува предлог за определување на ПИМ до Јавен Обвинител

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Примерок број
Страници вкупно

**ДО:**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА СКОПЈЕ**

**П Р Е Д Л О Г**

за поднесување на барање за определување на примена на ПИМ

**„Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со закон„ по член 252 став 1 точка 1 од Законот за кривична постапка на РМ**

Врз основа на член 252 и 253 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 150/10 и 100/12), член 9 од Закон за следење на комуникации (Службен весник на Република Македонија бр.121/06, 110/08 и 116/12) и член 12 став 3 и 4 од Упатството за начинот за иницирање и примена на ПИМ, полицискиот службеник од Единицата за XXX, Сектор за XXX, Одделот за XXXX, при Бирото за јавна безбедност во Министерство за внатрешни работи, поднесува:

**П Р Е Д Л О Г**

за поднесување на барање за определување на примена на ПИМ

**„Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со закон“ по член 252 став 1 точка 1 од Законот за кривична постапка на РМ**

**ПОРАДИ:** Постоење на основи на сомневање дека се подготвува кривично дело: **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, предвидено и казниво по чл.215 став 3 од КЗМ.**

**ЛИЦЕ врз кои ќе се применува ПИМ**

**-XXXXXXXXXXXXXXX (сите податоци од лицето) корисник на телефонски** број **071/xxx-xxx**

**ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА кои ќе се применат:**

За следење и снимање на телефонските линии ќе се користат техничките средства и опрема со која располага Министерството за внатрешни работи на Република С. Македонија.





**ПОДАТОЦИ И ДОКАЗИ врз основа на кои се засноваат основите на сомневање и образложение за причините поради кој податоците или доказите неможат да се соберат на друг начин:**

Полициските службеници од Единицата за хххх располагаат со оперативни сознанија дека четири лица од Скопје неовластено организираат производство на наркотична дрога и неовластено пуштаат во промет наркотична дрога. Имено, лицата имаат ниви надвор од Скопје, до кој ниви пристапот е отежнат, односно постои само еден земјен пат, и на овие ниви неовластено одгледуваат насади со марихуана, и потоа неовластено ја продаваат и пуштаат во промет марихуаната.

Во врска со горенаведените информации, а под сомнение дека лицето/та ќе остварува телефонски контакти со други НН лица со цел договарање на активности кои се поврзани со (кривично дело кое го подготвуваат) организирање и пренесување на поголема количина наркотична дрога марихуана од територија на Р. С. Македонија до Р. Албанија, а поради фактот дека од прибавените податоци и информации со кои во моментов се располага не може во целост успешно да се докаже инволвираноста и поврзаноста на лицата, како и да се утврдат нивните контакти со други НН лица во вршење на кривично дело **„Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“** предвидено и казниво по член 215 став 3 од Кривичен законик на Р. Македонија, од причини што станува збор за конспиративна и затворена криминална група, а со цел обезбедување на податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка кои неможат на друг начин да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми потешкотии, предлагаме посебната истражна мерка **„Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со закон „**по член 252 став 1 точка 1 од Законот за кривична постапка на Република С. Македонија“ да се **ОПРЕДЕЛИ** спрема телефонската линија:

**07X/XXX-XXXX**

**(ОЕ) (Иницијали на Пол.службеник)_20200502_01ТМ**

**(ОЕ) (Иницијали на Пол.службеник)_20200502_01А1**

**користена од лицето**

**XXXXXXXXXXXXXXX (сите податоци од лицето)**

**Посебната истражна мерка ќе ја спроведе Министерство за внатрешни работи.**
**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕРКАТА:**

Предлагаме примената на посебната истажна мерка да биде определена од денот на издавање на Наредба, да започне на _____________ година во _____ часот, а да заврши на ___________ година во ______ часот (во вкупно траење до _____ денови/месеци)

**ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК**

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

***Проширување на наредбата (ново кривично дело за кое е предвидено ПИМ)***

***Проширување при примена на ПИМ (Нов предлог)***

***Извештај за примената на ПИМ до ЈО***

# ПОТРЕБА ОД ПИМ

- Улогата на ЈО
- Начин на прибирање на докази
- Приватност/потреба

# Кривични дела за кои може да се определат ПИМ

**Рестриктивен пристап на законодавецот**

Согласно член 253 од Законот за кривична постапка, за да може да се определат ПИМ законодавецот бара да постојат основи на сомневање:

- Кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение
- Конкретно одредени кривични дела во КЗ
- за кривични дела против државата (Глава XXVIII), кривични дела против човечноста и меѓународното право (Глава XXXIV) од Кривичниот законик

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Изготвување на барање

- **Доколку има потреба од спроведување на ПИМ, јавниот обвинител изготвува барање.**

- **Барањето е во писмена форма и содржи:**

- Законски назив на кривично дело, лице или предмети врз кои ќе се применат ПИМ;
- Технички средства кои ќе се применат; - Обемот и местото на спроведување на ПИМ;
- Сознанија и докази врз кои се засноваат основите на сомневање;
- Образложение за причините поради кои податоците или доказите не можат да се соберат на друг начин;
- Органот кој треба да ја спроведе наредбата;
- Времетраењето на мерката;
- Видот на телекомуникацискиот систем, телефонскиот број или друг податок за идентификација, како и идентификациски број за секој од нив посебно.

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА**
**ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**
**КОИМ ОСК**
**________.2020 година**
**Скопје**

**ДО**
**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД**
**- Судија на претходна постапка –**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 7,8, член 11, ст.1 и член 15 од Законот за следење на комуникациите в.в. со чл. 39 ст.2 алинеја 2 в.в. чл. 256 в.в. чл. 260 ст.1 в.в. чл.252 ст.1 т.1 и чл. 258 ст.1 и ст.2 од ЗКП, поднесувам,

## Б А Р А Њ Е
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА
## ПОСЕБНА ИСТРАЖНА МЕРКА

**- „Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон“ од член 252 ст.1 т.1 од Законот за кривична постапка, и тоа:**

**СПРЕМА ЛИЦЕТО:**

Име и презиме со ЕМБГ _____ со адреса на живеење во Скопје на ул. “______________ “ бр. ___________,

македонски телефонски број 070001002,со идентификациони броеви
OSK_OSK1_11062020_1_TM и
OSK_OSK1_11062020_1_OV

Преку кои се очекуваат остварување на разговори поврзани со сомневање извршување на кривични дела - „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“, предвидено и казниво по чл.215 став 3 од Кривичниот Законик на Република Македонија.

Бидејќи е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат.

Посебната истражна мерка да се спроведе преку техничките средства со кои што располага Оперативна техничка агенција и Министерството за внатрешни работи.

Наредбата да ја изврши Министерството за внатрешни работи, со посредство на ОТА, под контрола на јавниот обвинител.

Наредбата да се издаде со времетраење од четири месеци, сметано од _____ година од _____ часот до _____ година до _____ часот.



**О б р а з л о ж е н и е**

До Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од страна на МВР на РМ, БЈБ, ЦПС, ОСОСК, Сектор за криминалистички истраги, Единица за недозволена трговија со дрога под Сд.бр. ___________ од 10.06.2020 година е доставен Предлог Сд.бр. ___________од 10.06.2020 година за поднесување на барање за спроведување на посебна истражна мерка - „Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон“ од член 252 ст.1 т.1 од Законот за кривична постапка од кој произлегува дека лицето ___________ има воспоставена мрежа на препродавачи на наркотични дроги на подрачјето на град _________и _________, за која цел истиот ги ангажирал лицата _________и _________. Воедно од оперативните сознанија добиена е информација дека лицето _________ја пренесува наркотичната дрога од _________ до _________ и му ја предава на лицето _________ на претходно договорена локација која најчесто се одвива на влез во градот _________ во близина на БП „Лукоил“. Од сознанијата произлегува дека на подрачјето на град _________ инволвирани лица во НТ со наркотични дроги се лицата _________и _________викан, кои се ангажирани од страна на _________. Во предлогот се појаснува дека од примената на мерката е утврдено дека _________ е инволвиран во продажба на наркотична дрога до крајни корисници, за што секојдневно го информира _________ и тоа како за остварените продажби, моменталното располагање на наркотична дрога, така и за стекнатите парични средства.

Во конкретниот случај станува збор за кривични дела кои се извршуваат со строга конспиративност помеѓу наведените лица, па имајќи го предвид ова, како и видот и карактерот на кривичното дело, а поради тоа што податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка на друг начин не можат да се соберат, а со оглед да врз основа на проценката на корисноста од собраните податоци со примена на мерката разумно е очекувањето дека со мерката и може да се добијат податоци од интерес за постапката, неопходно е спроведувањето на оваа посебна истражна мерка.

Посебната истражна мерка ќе ја спроведе Министерство за внатрешни работи со посредство на Оперативно техничка агенција, а мерката да започне од денот на издавање на наредбата со време траење од _________ месеци.

Согласно чл.258 ст.1 и ст.2 од ЗКП, МВР на РМ да изготви Извештај кој ќе го достави до Јавниот обвинител по негово барање и во секој случај на секои 30 дена, а по спроведување на мерката да се изготви Посебен извештај кој ќе биде доставен до Јавниот обвинител.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**

Академија за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија
Павел Шатев

Докази во прилог на барањето до СПП за основаност (аргументи дека на друг начин не може да се собрат докази),

кривични дела,

пропорционалност и неопходност и

причини за евентална итност за издавање на привремена наредба

Видови одлуки на СПП -Наредба за определување, продолжување на определена ПИМ (времетраење и рокови) проширување и запирање на ПИМ

Несогласност или одбивање на поднесено барање

Анонимизација на наредба

Спроведување на ПИМ и докази од ПИМ и декласификација / (минимизација) начин на изведување  на докази обезбедени со ПИМ- увид во транскрипти

# Времетраење на мерките и нивно продолжување

- Согласно со чл. 260 од ЗКП и чл. 11 од ЗСК, ПИМ може да траат најдолго 4 месеци, а во ставот 2 е предвидено дека на образложено писмено барање на ЈО, судија на претходна постапка може да ги продолжи мерките за уште 4 месеци;
- За кр.дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, а за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, мерките по првите 8 месеци можат да се продолжат за уште дополнителни 6 месеци, односно во тие случаи, мерките можат да траат најдолго до 14 месеци

# Практична вежба и дискусија



Основни факти студија на случај

За кривично дело од чл.215 и чл.123 од КЗ од страна ЈО за организиран криминал и корупција до СПП е поднесено барање за издавање Наредба за ПИМ од чл.252 ст.1 т.1 од ЗКП (следење на комуникациите), на тел.линија 099-999-999 користена од лицето Н.Н. од Скопје за период од 3 месеци од денот на издавање на наредбата. Во периодот нема комуникација која е во врска со предметните кривични дела

Од ЈО за орг.криминал и корупција до СПП е поднесено барање за издавање Наредба за ПИМ, следење на комуникациите на тел.линија 053-555-555 користена исто од лицето Н.Н. од Скопје. за период од 3 месеци од денот на издавање на наредбата.



**ПРАШАЊА:**

**1. *Дали СПП ке издаде наредба за ПИМ?***

**2. *Какви одлуки ке донесе СПП во случајот?***

***3.Колку време трае примената на ПИМ во случајот?***

# Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон во 2020 година (54 случаи)




12.07.2022

# Мерки за обезбедување на предмети и имот во текот на кривичната постапка

# Привремено обезбедување и одземање на предмети или имот

- Чл.194 Наредба да приврмено одземање на предмети

- Чл.196 приврмено одземање на предмети без наредба

- Чл.203 Враќање на привремено одземени предмети

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Привремено обезбедување и одземање на предмети или имот

- Чл.200 ст.7 в.в. со ст.8 од ЗКП
- Решение или наредба?
- Времетраење ?!
- Предистражна и истражна постапка
- Чл.289 Тајност на предистражната постапка
- Чл.200 в.в. чл.202 ?

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

Ви Благодарам на Вниманието

